Архивски број: 08-748/4
Датум: 11.11.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-748/1 од 18.9.2026 година, поднесена од---------- ---- против ----------, за заштита од дискриминација врз основа на лично својство во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на лично својство во областа на пристап до добра и услуги од страна на ---------- кон ---------- ----------, преку повторено неповолно постапување во врска со доставувањето препорачани поштенски пратки.

О б р а з л о ж е н и е

На 18.9.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена претставка од ---------- против ----------, поради наводи за дискриминација при користење поштенски услуги. Во претставката како дискриминаторски основ е посочен лично својство и општествен статус, а како област пристап до добра и услуги.

Подносителката наведува дека во период од околу два месеца **препорачаните пратки испратени на нејзината домашна адреса не ѝ биле доставувани, ниту ѝ биле оставани известувања за подигање**. Според нејзините наводи, институциите испраќачи ја известувале дека пратките им биле **враќани со назнака „отпатуван“**. Таа се обратила до службени лица во поштенската служба и до контролор, но проблемот продолжил, иако станувало збор за службени документи за кои доставувањето и роковите биле од значење. Во претставката се наведува дека пошторазнесувачот се повикувал на лични сознанија за нејзиното отсуство и дека таквите сознанија биле употребени при постапувањето со пратките. Подносителката го оспорува ваквото постапување и смета дека, наместо уреден обид за достава и оставање известување, **нејзините пратки биле враќани врз основа на претпоставки за приватните околности**. Во појаснување на дискриминаторската основа, подносителката образложила дека истата се состои во нејзиното лично својство, односно дека таа е ---- ----------. Во прилог кон претставката доставена е електронска комуникација со ---------- од 13, 14, 16 и 17 септември 2026 година.

Во електронската порака од 13.9.2026 година подносителката побарала решавање на проблемот и навела дека две пратки потврдени како испратени сè уште не ги примила. На 14.9.2026 година од сужбената адреса на --------- било одговорено дека поплаката е

проследена до одговорните лица. Во службена порака од 16.9.2026 година, испратена во рамките на ---------, се наведува дека пошторазнесувачот редовно доставувал во реонот, дека ја познавал странката и дека пратките биле враќани со назнака „отпатуван", при што **се посочува дека пошторазнесувачот и странката знаеле каде била „отпатувана"**. Исто така е наведено дека на 15.9.2026 година бил направен обид за достава и дека пратките биле испорачани на мајката на подносителката. На 17.9.2026 година подносителката повторно се обратила по електронски пат, нагласувајќи дека задача на поштенската служба е пратката да се достави или да се остави известување на адресата, а не да се навлегува во приватниот живот на примачот и врз основа на лични претпоставки да се оценува дали тој е отпатуван. Од---------- било одговорено дека пораката е проследена за натамошно постапување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати барање за произнесување до ----------.

Во поднесокот за произнесување ---------- известува дека во врска со поплаките за ненавремена и неуредна достава на поштенски пратки, на подносителката соодветно ѝ било одговорено. Појаснуваат дека е преземена соодветна комуникација со поднесителката со цел утврдување на фактичката состојба и изнаоѓање на соодветно решение. Во врска со електронската комуникација, наведуваат дека од содржината на истата, како и **од користената терминологија „отпатувал" не може да се утврдат елементи на дискриминација**. Тврдат дека таквата терминологија е во согласност со нормативните акти по кои постапува ---------. Освен тоа, наведуваат дека од конкретната комуникација не може да се воочи каде отпатувала подносителката, односно дека тоа не е изречно наведено.

По разгледување на претставката, приложената електронска комуникација и поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди дека во конкретниот случај постои дискриминација врз основа на лично својство кон подносителката во пристапот до поштенските услуги, заснован на нејзиниот статус на поранешна затвореничка.

Имено, од доказите доставени во прилог на претставката произлегува дека подносителката во континуитет не ги добива поштенските пратки и писма упатени до неа, при што на пратките се наведувала забелешката „отпатувал", иако таа фактички не била отсутна од местото на живеење. Особено значење во конкретниот случај има доставената електронска комуникација, од чија содржина произлегува дека вработено лице во ---------- не само што ја означило подносителката како лице кое е „отпатувано", туку и навело дека знае каде таа била отпатувана. Ваквата изјава, разгледана во контекст на останатите околности на случајот, упатува на тоа дека вработеното лице располагало со сознание за претходното издржување казна затвор на подносителката и дека токму тој податок бил релевантен за начинот на кој се постапувало со неа при доставувањето на поштенските пратки. Комисијата смета дека ваквата комуникација

не може да се третира како обична констатација за фактичка отсутност на подносителката, туку претставува индиција за постоење на **стигматизирачки и деградирачки однос кон неа поради нејзиниот претходен статус на лице кое издржувало казна затвор.** Оттука е видлива причинско – последичната врска помеѓу заштитеното лично својство на подносителката, од една страна, и понеповолниот третман при доставување на поштенските пратки, од друга страна. Дополнително, недоставувањето на поштенските пратки во континуитет не претставува само изолиран пропуст во обезбедувањето на поштенска услуга, туку однесување кое ја става подносителката во **понеповолна положба во однос на другите корисници** на услугите на ----------, без објективно и разумно оправдување. Со ваквото постапување, на подносителката **ѝ се отежнува остварувањето на правото на прием и користење на поштенските услуги**, а истовремено **се засилува стигмата поврзана со нејзиното минато.**

Имено, претходното издржување казна затвор, иако претставува околност од минатото, не смее да биде основа за создавање предрасуди, негативно етикетирање или понеповолен третман на лицето во остварувањето на неговите права. Лицето кое ја издржало казната не смее и по нејзиното издржување да биде изложено на општествена стигматизација или на ограничување на пристапот до услуги единствено поради тој статус.

Во оваа насока, Комисијата го зема предвид случајот на Европрскиот суд за човекови права **Thlimmenos v. Greece (бр. 34369/97)**, кој е значаен од аспект на стигматизацијата на поранешни затвореници, како и дека претходната кривична осуда и последиците што произлегуваат од неа не можат неограничено да служат како основа за понеповолен третман на лицето и по издржувањето на казната.

Во случајот **Laduna v. Slovakia** (бр. 31827/02) Европскиот суд за човекови права прифатил дека статусот на лице кое е во притвор отсликува посебна правна положба, неразделно поврзана со личните околности на поединецот, поради што треба да се смета за личен статус, односно потпаѓа под „друга состојба" во смисла на член 14 од Европската конвенција за човекови права и слободи.

Случајот **Clift v. the United Kingdom** (бр. 7205/07) е значаен за правната квалификација на дискриминаторската основа, бидејќи ЕСЧП констатира дека заштитата од дискриминација не е ограничена само на вродени или непроменливи лични карактеристики.

Со демонстрирање на претпоставка за дискриминација од подносителката е префрлен товарот на докажување на ----------, **кои пак во поднесокот за произнесување не докажаа дека неповолниот третман не се должи на нејзиното лично својство, туку на објективно и разумно оправдување**. Оттука, Комисијата констатира дека не е побиена претпоставката за неповолно постапување засновано на личните околности на подносителката.

Имајќи ги предвид содржината на претставката, приложениот доказ, произнесувањето, релевантната пракса, како и фактот дека не е понудено објективно и разумно оправдување за неповолниот третман во пристапот до поштенските услугите, Комисијата оцени дека во конкретниот случај се исполнети елементите на **директна дискриминација врз основа на лично својство, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Согласно член 8 став 1, *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- во иднина да обезбеди еднаков пристап до поштенските услуги за подносителката, да ја провери евиденцијата за спорните пратки и причините за нивното враќање, како и да ги запознае вработените со обврската за еднакво постапување кон корисниците на услугите, **во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и писмено да ја извести Комисијата за преземените мерки.**

Доколку ---------- **не постапи согласно препораката**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседателка на Комисијата
Флора Кадриу